Врз основа на член 128 став 1 алинеја 8 од Законот за полиција („Службен весник на РМ" бр. 114/06), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗБОР НА ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИК КОЈ СЕ УПАТУВА НА РАБОТА ВО СТРАНСТВО

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на избор на полициски службеник кој се упатува на работа во странство врз основа на ратификуваните договори за меѓународна полициска соработка.

## II. НАЧИН НА ИЗБОР НА ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИК КОЈ СЕ УПАТУВА НА РАБОТА ВО СТРАНСТВО

### Член 2

Полицискиот службеник може да биде упатен на работа во странство согласно ратификуваните договори за меѓународна полициска соработка врз основа на:

- распишан конкурс и спроведена постапка од страна на меѓународната организација во која се упатува на работа и
- постапка за спроведување на интерен оглас во Министерството за внатрешни работи.

### 1. Упатување на работа во странство по спроведена постапка од страна на меѓународната организација

### Член 3

На работа во странство може да биде упатен полициски службеник кој ги исполнува условите кои се определени vo ратификуваните договори за меѓународна полициска соработка, односно со конкурсите распишани од страна на меѓународната организација.

Доколку од страна на меѓународната организација, односно од страна на Министерството за надворешни работи е побарано мислење за полицискиот службеник кој се пријавил на распишаниот конкурс, Министерството за внатрешни работи ќе даде позитивно мислење само ако полицискиот службеник ги исполнува критериумите од член 6 на овој правилник.

Полициски службеник може да се упати на работа во странство доколку по претходно распишан конкурс и во постапка спроведена од страна на меѓународната организација во која треба да се упати полицискиот службеник е избран за кандидат кој ги исполнува бараните услови од меѓународната организација.

### Член 4

Врз основа на известувањето од меѓународната организација, од Министерството за надворешни работи или од известувањето на меѓународната организација до полицискиот службеник кој е избран за кандидат кој ги исполнува бараните услови и за кој Министерството за внатрешни работи дало позитивно мислење согласно член 3 став 2 на овој правилник, од страна на министерот за внатрешни работи се донесува решение со кое полицискиот службеник се упатува на работа во странство.

## 2. Упатување на работа во странство по пат на интерен оглас

Член 5

Во случај кога со ратификуваниот договор за меѓународна полициска соработка е определено дека секоја држава ги определува полициските службеници кои треба да бидат ангажирани во рамките на меѓународната полициска соработка од страна на Министерството за внатрешни работи се спроведува постапка по интерен оглас.

Член 6

На интерниот оглас полицискиот службеник може да се пријави ако:

- има најмалку пет години непрекината работа на работно место полициски службеник,
- има соодветно образование и работно искуство за вршење на работите за кои полицискиот службеник конкурира,
- познава странски јазик,
- има добра физичка подготвеност,
- има потребна здравствена и психофизичка способност,
- претходните три години да бил оценуван со најмала оценка “делумно задоволува“,
- не му била изречена мерка за потешки случаи на кршење на работната дисциплина и против него да не се води постапка за кршење на работната дисциплина,
- против него не се води кривична или прекршочна постапка,
- поседува возачка дозвола.

Покрај критериумите од став 1 на овој член, полицискиот службеник потребно е да ги исполнува и условите определени во ратификуваните договори за меѓународна полициска соработка, односно условите определени од страна на меѓународната организација во која се упатува.

Член 7

Интерниот оглас за избор на полициски службеник кој треба да се упати на работа во странство се спроведува со доставување телеграма до сите организациони единици во Министерството за внатрешни работи.

Телеграмата од ставот 1 на овој член содржи податоци за:

- назив на меѓународната организација, односно државата во која се упатува полицискиот службеник,
- назив и опис на работните задачи кои ќе се извршуваат во рамките на меѓународната организација,
- критериумите и условите кои кандидатот треба да ги исполнува и
- содржината на пријавата утврдена во член 9 од овој правилник.

Телеграмата од став 1 на овој член се објавува на огласната табла во организационите единици во Министерството за внатрешни работи.

Член 8

Раководителите на организационите единици во Министерството за внатрешни работи ги запознаат сите вработени во организационата единица со содржината на телеграмата од член 7 на овој правилник.

Член 9

Кандидатите пријавите ги поднесуваат до Секторот за правни и кадровски работи при Министерството за внатрешни работи во рок од 10 дена од денот на објавување на телеграмата.

Пријавата од став 1 на овој член содржи и кратка биографија на кандидатот, во која, меѓу другото, потребно е да бидат содржани податоци за:

- работното искуство и движење во службата во Министерството за внатрешни работи;
- дополнително образование;
- познавање на странски јазици;
- добиени награди во текот на службата во Министерството за внатрешни работи;
- податоци дали против него била водена постапка за кршење на работната дисциплина, а доколку била водена податоци за завршување на истата;
- посетување на обуки за стручно оспособување и усовршување и
- познавање на работа со компјутери.

Член 10

За спроведување постапка по интерниот оглас, од страна на министерот за внатрешни работи се формира комисија за спроведување на постапката за избор на полициски службеник кој се упатува на работа во странство по пат на интерен оглас (во натамошниот текст: комисија).

Член 11

Заради објективно утврдување на листата на кандидатите, а во зависност од видот на работните задачи за соодветното работно место, комисијата може да спроведе:

- интервју со подносителите на пријавите;
- утврдување на здравствената и психофизичка способност,
- проверка на физичката подготвеност,
- проверка на познавањето на законски и подзаконски прописи и меѓународни договори од областа на внатрешните работи,
- проверка на степенот на познавање на странски јазици, работа со комјутери и слично.

При утврдувањето на листата на најуспешни кандидати, покрај активностите од став 1 на овој член, комисијата ќе ги има предвид и стекнатите сертификати на подносителите на пријавата за посетуваните обуки за стручно оспособување и усовршување и слично.

Доколку оцени за потребно, комисијата може за работата на кандидатот да побара и мислење од непосредниот раководител на организационата единица во која работи кандидатот.

Член 12

Комисијата спроведува интервју со подносителите на пријавата со цел утврдување на нивната спремност и способност за работа во странство, а особено:

- способност за прилагодување на комплексни и отежнати ситуации кои можат да настанат за време на работа во странство,
- способност за воспоставување на контакти, водење на преговори, соодветно оценување на ситуацијата, како и соодветно усмено и писмено изразување,
- снаодливост и способност за импровизирање во несекојдневни ситуации,
- способност за прилагодување на посебните услови на културната средина во странската држава и друго.

Член 13

Проверката на степенот на познавање на странскиот јазик опфаќа изготвување на пишан текст на странски јазик како и интервју со полицискиот службеник на странски јазик.

Проверката од ставот 1 на овој член се врши пред лице со соодветно образование на странски јазик.

Член 14

Заради утврдување на здравствената и психофизичката способност на кандидатите комисијата може да ги упати на општо-медицински и специјалистички прегледи во Јавната здравствена организација-Здравствен дом Скопје, Р.Е. Завод за здравствена заштита на работниците во Министерството за внатрешни работи.

За кандидатот за кој ќе се утврди дека има потребна здравствена и психофизичка способност од страна на Јавната здравствена организација од ставот 1 на овој член се издава потврда со важност од шест месеци.

Доколку кандидатот не се упати на работа во странство во период од шест месеци од денот на издавање на потврдата, општо медицинските и специјалистичките прегледи се повторуваат.

Член 15

Комисијата во период не подолг од 30 дена од истекот на рокот за поднесување на пријавите ја спроведува постапката по интерен оглас.

По завршувањето на постапката за избор комисијата во период од два дена од денот на завршување на постапката доставува писмен предлог до министерот за внатрешни работи за донесување на решение за упатување на работа во странство на полициски службеник.

Писмениот предлог од став 2 на овој член содржи листа од пет најуспешни кандидати и извештај за спроведената постапка.

За текот на постапката пред комисијата се води записник, што го потпишуваат претседателот и членовите.

Доколку во текот на постапката комисијата оцени дека ниту еден од кандидатите не ги исполнува предвидените критериуми и услови, може да предложи министерот за внатрешни работи повторно да спроведе постапка по интерен оглас за упатување на работа во странство на полициски службеник.

Член 16

Врз основа на предложената листа на пет најуспешни кандидати изготвена од комисијата, од страна на министерот за внатрешни работи се одлучува за изборот на полицискиот службеник кој се упатува на работа во странство.

## III. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 17

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 11.11.2007 година.

Бр. 13.1-37365/1<br>6 јуни 2007 година<br>Скопје

Министер<br>за внатрешни работи,<br>м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.